Измена

Врз основа на член 21 и член 29 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ“ бр.64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12 и 192/15) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола, на седницата одржана на 23.01.2023 година, донесе

ПРОГРАМА

за измена на Програмата за Развојни планови на Општина Битола
за периодот од 2023 до 2025 година

1. Во Програмата за Развојни планови на Општина Битола за периодот од 2023 до

2025 се вршат измени во Планираните расходи на Развојни програми по години од 2023 до 2025 година и истите гласат:

Програмата започнува со реализација во 2023 г., а плановите опфатени со неа имат рок за реализирање во наредните 3 години, поточно заклучно со 2025 година. Планираните средства на оваа тригодишна развојна програма изнесуваат **843.396.749,00 денари** .(Прилог 1- составен дел на оваа програма)

Средствата во висина од **216.150.605,00 денари** се определени од буџетот на Општина Битола за 2023год. и се распределуваат на начин како што претходно потенциравме во Прилог 1.

Средствата во висина од **437.625.571,00 денари** се определени од буџетот на Општина Битола за 2024год. и се распределуваат на начин како што претходно потенциравме во Прилог 1.

Средствата во висина од **189.620.573,00 денари** се определени од буџетот на Општина Битола за 2025год. и се распределуваат на начин како што претходно потенциравме во Прилог 1.

Планираните средства во JDS програмата за Изградба и реконструкција на улици и локални патишта од 2023година **(Реконструкција на коловоз на улица „Стив Наумов“)** се намалуваат во износ од 2.000.000,00денари заради начинот на плаќање, со што вкупната вредност за реализација во 2023година ќе изнесува 3.000.000,00денари.

Дел од планираните средства во JIN програмата за Изградба и реконструкција на системи за одведување и прочистување на отпадни води од **2023год. (Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Стив Наумов“)** во износ од 2.000.000,00денари заради динамика на реализација се префрлаат во 2024год. со што вредноста за реализација во 2023година ќе изнесува 3.000.000,00денари а во 2024година 8.851.043,00денари.

Дел од планираните средства во JGN програмата за Изградба и реконструкција на системи за водоснабдување од 2023год. **(Реконструкција на водоводна мрежа на улица „Стив Наумов“)** во износ од 2.000.000,00денари заради динамика на реализација се префрлаат во 2024год. со што вредноста за реализација во 2023година ќе изнесува 3.000.000,00денари а во 2024година 7.000.000,00денари.

Дел од планираните средства во WAA програмата за Изградба на други објекти (Противпожарна заштита) од 2023год. **(Изградба на објект на противпожарна единица во АРМ)** во износ од 8.100.000,00денари заради динамика на реализација се префрлаат во 2024год. со што вредноста за реализација во 2023година ќе изнесува 2.150.000,00денари а во 2024година 28.600.000,00денари.

Динамиката на реализацијата на целата програма , со утврдување на приоритет за реализација ја утврдува Градоначалникот и Комисијата за јавни и комунални дејности, а ја реализира Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комуналните дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола.

1. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

- За спроведување на оваа програма се грижи Градоначалникот, Комисијата за јавни и комунални дејности и Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комуналните дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола.
- Оваа Програма влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“, а ќе се применува до крајот на наредната годината, односно до донесување на наредната Програма за Развојни планови.

Бр.09-4/12
23.01.2023 год.
Битола

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Габриела Илиевска

ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ

НА РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ ПО ГОДИНИ

од 2023 до 2025 година

| Ред. бр. | Име на буџетска програма | Име на развојна програма | Планирани работи за изведување | Износ за 2023 во ден | Износ за 2024 во ден | Износ за 2025 во ден |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | JD | | Изградба и реконструкција на улици и локални патишта | | | |
| 1 | | JDA | Реконструкција на коловоз на дел од улица „Довлеџик“ | 703.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 2 | | JDK | Реконструкција на коловоз на улица „Булевар 1-ви Мај“ | 7.062.267,00 | 0,00 | 0,00 |
| 3 | | JDE | Изградба на коловоз на дел од улица „Крушевска Република“ | 12.829.250,00 | 0,00 | 0,00 |
| 4 | | JDF | Реконстукција на коловоз на улица „Македонска Фаланга“ | 5.095.460,00 | 0,00 | 0,00 |
| 5 | | JDJ | Реконструкција на коловоз на улица „7-ми Јули“ | 4.000.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 6 | | JDP | Реконструкција на коловоз на улица „Наум Наумовски Борче“ | 4.417.026,00 | 0,00 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | 0,00 |
| 7 | | JDT | Изградба коловоз на улица „СТУ1" во АРМ Четврт 1 | 4.228.240,00 | 0,00 | 0,00 |
| 8 | | JDD | Изградба на коловоз на улица „СРУ5" во АРМ Четврт1 | 4.583.797,00 | 0,00 | 0,00 |
| 9 | | JDS | Реконструкција на коловоз на улица „Стив Наумов" | 3.000.000,00 | 12.000.000,0 0 | 4.407.373,00 |
| 10 | | JDN | Реконструкција на паркинг простор кај спортска сала „Боро Чурлевски" | 1.000.000,00 | 17.305.355,0 0 | 0,00 |
| 11 | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улица „Бурса" | 100.000,00 | 26.373.785,0 0 | 25.000.000,00 |
| 12 | | JDL | Реконструкција на коловоз на улица „Солунска" II фаза | 1.000.000,00 | 13.342.497,0 0 | 0,00 |
| 13 | | JDU | Изградба на улична мрежа во с.Егри и с.Лажец | 1.000.000,00 | 6.727.503,00 | 0,00 |
| | | | | 1.000.000,00 | 4.658.000,00 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 14 | | JDO | Изградба на улична мрежа во с.Оптичари | | | 0,00 |
| 15 | | JDC | Изградба на улична мрежа во с. Д.Оризари | 1.000.000,00 | 11.250.000,00 | 0,00 |
| 16 | | JDDz | Изградба на улична мрежа во нас. Место Г.Оризари | 1.000.000,00 | 19.000.000,00 | 0,00 |
| 17 | | JDH | Реконструкција на улицата покрај Св. Неделските гробишта | 1.000.000,00 | 21.302.000,00 | 0,00 |
| 18 | | JDW | Реконструкција на локален пат с. Трново до граница на НП Пелистер | 1.000.000,00 | 9.000.000,00 | 0,00 |
| | | | | | | |
| | KA | | **Културно творештво и манифестации (капитални трошоци)** | | | |
| 19 | | KAM | Партерено уредување околу Офицерски дом | 17.974.282,00 | 0,00 | 0,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 20 | | KAR | Набавка, транспорт и монтажа на канделабри | 5.025.718,00 | 0,00 | 0,00 |
| | | | | | | |
| | LA | | **Спорт и рекреација (Капитални трошоци)** | | | |
| 21 | | LAA | Реконструкција на други објекти | 34.618.332,00 | 0,00 | 0,00 |
| 22 | | LAB | Изградба на мултифункционален спортски комплекс | 500.000,00 | 105.650.000,00 | 78.350.000,00 |
| 23 | | LAT | Поставување на урбана опрема за спортско рекреативни активности, потег Тумбе Кафе од делот кај ЗОО | 5.000.000,00 | 6.596.320,00 | 0,00 |
| | | | | | | |
| | GD | | **Енергетика** | | | |
| 24 | | GDA | Гасификација на Општина Битола | 0,00 | 58.000.000,00 | 71.863.200,00 |
| | | | | | | |
| | VA | | **Изградба на други објекти (Социјална заштита и заштита на деца)** | | | |
| 25 | | VAA | Изградба на детска градинка во АРМ | 19.839.407,00 | 40.000.000,00 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | 0,00 |
| | | | | | | |
| | Л | | **Изградба и реконструкција на системи за одведување и прочистување на отпадни води** | | | |
| 26 | | ЛN | Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Стив Наумов" | 3.000.000,00 | 8.851.043,00 | 5.000.000,00 |
| 27 | | ЛR | Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Солунска" II фаза | 1.000.000,00 | 9.841.162,00 | 0,00 |
| 28 | | ЛE | Реконструкција на канализациона мрежа на улици во населба „Недопирливи" | 1.000.000,00 | 9.654.334,00 | 0,00 |
| 29 | | ЛP | Изведба на канализаци. колектор и градба за прочистување на отпадни води во НП „Пелистер" | 2.000.000,00 | 5.705.673,00 | 0,00 |
| | | | | | | |
| | JG | | **Изградба и реконструкција на системи за водоснабдување** | | | |